Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore Republikës
së Maqedonisë së Veriut

04-389/ 34
Скопје,**03.08.2023** година

Државно правобранителство
на РепубликаСеверна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах. 02/3229-351e-mail:dpskopje@dprsm.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и Служен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), а во врска со објавениот Интерен оглас број 01/23 за унапредување на осум (8) административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на административен службеник во Државното правобранителство на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **Разије Бејлурова** по пат на Интерен оглас број 01/2023 се избира на работното место УПР 01 01 В03 000 Соработник за правни работи и застапување во Одделение за правни работи и застапување во Сектор за правни, општи и заеднички работи во Државното правобранителство на Република Северна Македонија .
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2023 со архивски број 04-389/28 од 31.07.2023 година
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

**4.**.Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр.18-3984/2 .од 23.03.2023 година, Државниот правобранител на Република Северна Македонија упати барање до Секторот за управување со човечки ресурси, Одделение за организациски развој и обука бр.02-357/1 од 05.05.2023 година за отпочнување постапка за унапредување на административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

По добиеното барање, Секторот за управување со човечки ресурси објави интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 8 (осум) административни службеници во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, на ден 13.07.2023 година , на веб страна на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и веб страната на Агенцијата за администрација.

Под реден број 3 на интерниот оглас е е работното место УПР 01 01 В03 000 Соработник за правни работи и застапување, Одделение за правни работи и застапување, Сектор за правни, општи и заеднички работи (1) извршител;

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување, формирана од страна на Државниот правобранител на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување и спроведување на интервју на кандидатите за унапредување бр. 04-389/25 од 18.07.2023 година, која направи административна селекција на пријавените кандидати коиј ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

Врз основа на освоените бодови од административна селекција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Засписник од административна селекција за интерен оглас бр.04-389/26 од 24.07.2023 година , Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник заради спроведување на интервју бр.04-389/28 од 31.07.2023 година, за работно место **под реден број 3**, категорија В 3 и изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2023.

Врз основа на ранг листата и предлог одлуката за прворангираниот кандидат, Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Agron Reçi**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
***-Избраниот административен службеник***
***-Сектор за управување соЧР***
***-Архива***